**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач:** **Градоначалник на Град Скопје**

**Изготвувач:** **Сектор за комунални работи**

**Претставник :** **Секретар на град Скопје**

**Повереник :** **Раководител на**
**Сектор за комунални работи**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
# ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА
# ЈП Дрисла - СКОПЈЕ

**Скопје,Октомври 2022 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), а во врска со член 8-б од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 , 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 89/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

**О Д Л У К А ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ДРИСЛА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие Дрисла – Скопје, во износ од 2.000.000,00 (два милиони) денари за изградба на " Јами за мрши ".

Член 2

Средствата од член 1 од оваа Одлука ќе се користат исклучиво за намената наведена во член 1 од Одлуката, согласно важечките прописи.

Член 3

Средствата за оваа намена се обезбедени со Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Град Скопје".

Број 07-
_________2022 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ
ТРАЈКО СЛАВЕСКИ

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локална самоуправа утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Согласно член 8-б од Законот за јавните претпријатија, јавните претпријатија основани од страна на Градот Скопје, можат да добиваат финансиска помош, односно одредени финансиски поволности од страна на основачот.

Во буџетот на Град Скопје за 2022 година определени се 2.000.000 (два милиони) денари за субвенционирање на ЈП Дрисла – Скопје, за изградба на две " Јами за мрши ".

Врз основа на горенаведените причини се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за субвенционирање на ЈП Дрисла – Скопје.